**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА”
ОД Д-Р ДЕСПИНА СИВЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1602-161/22 од 124. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 20.9.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Алма Тасевска, вонреден професор, Филозофски факултет, Институт по педагогија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
– проф. д-р Соња Петровска, редовен професор, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за е-скрипта „МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА” од доцент д-р Деспина Сивевска, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот: Учебното помагало - скрипта со наслов **„Методика на воспитно-образовната работа по запознавање на околината“** од доц. д-р Деспина Сивевска претставува структурирана и заокружена целина, пишувана според Наставниот план и програма по предметите Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 1 и Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 2 и Методика на запознавање на околината 1 и Методика на запознавање на околината 2, кои се изучуваат на студиите од првиот циклус на додипломска настава на Факултетот за образовни науки. Предметите се изучуваат на студиската програма Предучилишно воспитување, согласно со Наставната програма од 2011/2012, 2012/2013 во четврта година, VII семестар како Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 1 (3+2+2) и во VIII семестар како Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 2 (2+2+1) и Наставната програма од 2017/2018 год. во четврта година, VII семестар како Методика на запознавање на околината 1 (2+2+1) и во VIII семестар како Методика на запознавање на околината 2 (1+1+2*+1) на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Податоци за обемот ракописот: Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да ги надополнат своите сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Скриптата е пишувана според Упатството за пишување на публикации на ниво на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на А4 формат со нормален проред, употребен фонт Arial, со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Содржината на ракописот е претставена на 152 страници, на кои се наоѓаат слики, табели и релевантни библиографски единици (книги, списанија, статии, годишни програми, нормативни акти, електронски изданија) кои се соодветно цитирани во ракописот.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Според нашите сознанија, скрипта со ист или сличен наслов што обработува иста содржина досега не е објавена на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Цениме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со јасност, концизност и голема практична значајност, не само за студентите, туку и за воспитувачите во детските градинки, одделенските наставници и сите едукатори чија целна група се децата во предучилишна возраст.

Краток опис на содржината: од содржински аспект, ракописот е структуриран во 19 поглавја, кои опфаќаат исто толку тематски целини, кои ја следат структурата на предметната програма и логично, постапно се надоврзуваат и надополнуваат една на друга. Согласно со структурата и обемноста на материјата опфатена во секоја целина, истите соодветно се поделени на одредени сегменти, односно подделови.

Во првото поглавје, именувано како Поим, предмет и задачи на методиката на воспитно-образовната работа по запознавање на окилината, се прави обид за идентификување на поимот методика, определување на структурата на методиката, дефинирање на методиката на воспитно-образовната работа по запознавање на околината како наука, нејзинот предемет на проучување и задачите кои произлегуваат од него.

Во следното поглавје: Историски развој на идеите за предучилишното воспитание на децата и за воспитно-образовното подрачје по природа и општество е даден преглед на развојот на педагошката мисла и сфаќањата за природната околина како извор на сознание на ученикот низ различните историски периоди, почнувајќи од античкиот период, па сè до денес.

Секоја наука и научна дисциплина е поврзана со други науки, ниедна не може да биде самостојна. Токму за врската на методиката на воспитно-образовното подрачје по природа и општество со другите науки се зборува во следно истоименувано поглавје.

Во поглавјето Корелација на воспитно-образовното подрачје по природа и општество со другите воспитно-образовни подрачја авторката укажува на потребата од поврзаност и интегрираност на воспитно-образовното подрачје по природа и општество со останатите воспитно-образовни подрачја, како што се: математика, култура на говор, физичко воспитание, ликовно воспитание, музичко воспитание, притоа дефинирајќи ги поимите интеграција, интегрирано планирање и корелација.

Реализирањето на воспитно-образовната работа во предучилишната установа се одвива согласно со Основите на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки. Содржините во програмата се дадени ориентационо, не се утврдени ширината, длабочината и редоследот за обработка на содржините, оставајќи простор воспитувачите сами при изборот и распоредот на содржините да го одредуваат интензитетот, длабочината и редоследот на нивната обработка. Токму за ова се зборува во следното поглавје Избор и распоред на содржините по воспитно-образовната работа по природа и општество, каде што истовремено се укажува и на критериумите кои треба да се земат предвид при изборот и распоредот на содржините од воспитно-образовната работа по запознавање на околината.

Во шестото поглавје Структура и карактеристики на програма за воспитно-образовната работа во детската градинка авторката дава преглед на овој програмскиот документ; основите на кој е изготвен; планирањето на воспитно-образовната работа; просторните услови за реазлизација на програмата; организацијата на времето во предучилишната установа; улогата на воспитувачот и соработката со родителите.

Во поглавјето Јавна и културна дејност на градинката се укажува на значењето на јавната и културната дејност во предучилишната установа, нејзината важност за развој на навики кај децата за следење и учество на културни манифестаци, спортско-рекреативни настани. Со учеството на децата во вакви настани им се помага и овозможува да го збогатуваат својот интелектуален капацитет, го збогатуваат говорот преку правилната артикулација на зборовите, се развиваат уметничките способности од областа на драмско изразување, сценски настап, естетските чувства музичко-ритмичко доживување итн. Истовремено се укажува на потребата за соработка на предучилишната установа со локалната и општествената заедница; со семејството; воспоставувањето на партнерство и интеракција со родителите; форми на соработка со семејствата.

Во осмото поглавје Форми на работа со децата од предучилишна возраст е даден преглед на формите на работа кои најчесто се применуваат во работата со деца во предучилишната установа.

Во деветтото поглавје именувано како: Методи на воспитно-образовната работа по природа и општество авторката дава преглед и елаборација на најчесто применуваните методи во ова подрачје. Истакнати се значењето и суштинските карактеристики на вербалниот метод, методот на демонстрација, откривачки метод, проблемски метод, метод на практична работа, метод на графички работи, метод на игра, метод на сценска работа.

Десеттата глава од скриптата го разработува прашањето за специфичноста на примената на наставните принципи на воспитно-образовната работа по природа и општество.

Планирањето и видовите планирање на воспитно-образовната работа по природа и општество детално се елаборирани во следното истоименувано поглавје. Посебно внимане е посветено на моделите на тематско и краткорочно – дневно планирање, како и на анализата на активноста која треба да се врши согласно со структурата на моделот на дневната подготовка и реализацијата на активноста.

Успешната и ефикасна воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст, покрај другото, зависи и од местото – објектот каде што тој процес ќе се одвива. Во следната целина фокусот на интерес е насочен кон објектите за изведување на воспитно-образовната работа по природа и општество.

Во тринаесеттото поглавје авторката дава преглед на изворите на запознавање на природната и општествената средина, нивните специфичности и можностите кои ги нудат за реализација на активности од воспитно-образовното подрачје по природа и општество.

Учењето во природното опкружување е од особено значење за развој на сите аспекти од личноста на детето Во поглавјето Користењето на надворешната околина се укажува на важноста на надворешната околина за развојот на детето од предучилишна возраст; за улогата на воспитувачот во активностите кои се изведуваат во надворешната средина; значењето на наставата во природа; и видовите на настава во природа.

Во следното поглавје именувано како Следење на постигнувањата на децата од предучилишна возраст се разработува прашањето за потребата од континуирано следење на степенот на постигнувањата и напредокот на децата во раното учење и развој.

Во шеснаесеттото поглавје Центри (катчиња) за изведување на активности со децата од предучилишна возраст се разработува прашањето за потребата во градинките да се креира образовна и стимулативна средина која ќе го поттикнува и стимулира развојот на детето и истовремено ќе создава и услови за природна интеракција меѓу децата. Истакнати се значењето и суштинските карактеристики на центрите за активност, средствата и материјалите кои треба да ги содржат, како и можностите кои ги нуди секој одделен центар (литературен, математички, научноистражувачки, уметнички, ценат за игри со улоги, драматизација, за изложување на детски творби) за развој на децата од предучилишна возраст.

Во следното поглавје се укажува на значењето на еколошкото образование за едукација на младите уште од најрана возраст со цел кај нив да се формира одредено ниво на еколошка свест, свест за потребата за заштита на природата, која примарно може да се оствари преку процесот на воспитание и образование, почнувајќи уште од предучилишното воспитание, а особено во рамките на воспитно-образовното подрачје по природа и општество. Во прилог се дадени и примери за интеграција на еколошката едукација во активности кои се реализираат во предучилишните установи.

Осумнаесеттото поглавје е посветено на здравственото воспитание како важен сегмент од правилниот раст и развој на децата и младите, во насока на правилно формирање и зајакнување на нивното физичко и психичко здравје и нивниот хармоничен развој; притоа дефинираќи го поимот здравствено воспитание; видовите здравствени активности кои се преземаат во детската градинка; соработката со здравствените установи; интегрирањето на содржини од здравственото воспитание во активностите од воспитно-образовното подрачје по природа и општество.

Во последното деветнаесетто поглавје се укажува на потребата од сообраќајно воспитание и образование на децата во предучилишните установи, кое најдобро се реазлизира и конкретизира преку воспитно-образовното подрачје по запознавање на природатата и општеството. Посебно внимание е посветено на планирањето на содржините од сообраќајно воспитание; примери на активности кои може да ги примени воспитувачот; можностите за корелација со другите воспитно-оразовни подрачја; воспитната и едукативна функција на семејството за заштита на децата во сообраќајот.

Секое од горенаведените поглавја е детално опишано и кореспондира со наставниот план и програма за предметот.

Цитираната литература е практична, применлива и со хронолошки ред што дава една комплетна слика за проблематиката која се третира во текстот.

Стилот, начинот на пишување и обработка на материјата во скриптата „Методика на воспитно-образовната работа по запознавање на околината“, наменета пред сè за студентите на Факултетот за образовни науки, може да биде искористена и од страна на воспитувачи и наставници и сите кои имаат имаат интерес во оваа проблематика.

## ЗАКЛУЧОК

Приложениот ракопис во целост ги задоволува педагошките, дидактичко-методичките и структурните критериуми, како и условите за издавање учебно помагало според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Тематските поглавја се напишани со разбирлив и јасен стил, системски и прегледно се образложени, со што студентите можат лесно да ја следат и разберат суштината на воспитно-образовната работа од подрачјето на запознавање на природната и општествената средина, како и нејзината примена во современата воспитно-образовна работа. Согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, ракописот ги исполнува сите стандарди за публикување поради што сметаме дека ќе биде од голема корист за студентите во совладувањето на овој предмет.

Според сето погоре наведено, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му препорача ракописот „Методика на воспитно-образовната работа по запознавање на околината“ од д-р Деспина Сивевска да биде издаден како учебно помагало - скрипта за потребите на студентите на прв циклус на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Рецензенти**

**Д-р Алма Тасевска, вонреден професор, с.р.**

**Д-р Соња Петровска, редовен професор, с.р.**